**Финансиран во согласност со посебен договор за финансиска помош бр. 2017/388-041 за ЕУ ИПА II Мулти-Програма за корисниците Албанија, Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија, Косово*, Црна Гора и Србија**

* Ова назначување не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/199 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на МСП за прогласувањето независност на Косово.

**Инвестициски Фонд за Западен Балкан**

**Инструмент за техничка помош за инфраструктурни проекти 7 (ИПФ7)**

**TA2017050 R0 IPA**

**WB18-MKD-TRA-01**

**Основен проект и Оцена на влијанијата врз животната средина од Автопатот А4 Скопје-Блаце**

**Секција 2: Изградба на автопат од клучка со локален пат за село Блаце (Клучка „Блаце“) до Скопје (клучка „Стенковец“), km 2+000 to ~km 12+250**

# План за вклучување на заинтересирани страни

Февруари 2022

HILL INTERNATIONAL
IPF 7 CONSORTIUM

Инвестициската рамка за Западен Балкан (ИРЗБ) е финансирана од Европската комисија во декември 2009 година, заедно со Банката за развој на Советот на Европа (БРСЕ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Европската инвестициона банка (ЕИБ), Билатералните донатори и земјите од Западен Балкан со цел да обезбедат финансирање за стратешки инвестициски проекти во земјите-корисннички. Подобните сектори вклучуваат развој на инфраструктурата во животната средина, енергетиката, транспортот, социјалниот и дигиталниот сектор, како и развојот на приватниот сектор. KfW и Светската банка последователно се приклучија на Рамката. Во јули 2017 година, KfW стана партнер организација.

**Одрекување од одговорност**

*Оваа публикација е изработена со помош на Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствената одговорност на конзорциумот IPF7 предводен од Хил Интернешнл и на ниеден начин не може да се одрази на ставовите на Европската Унија.*

# ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

| | |
|---|---|
| ИМЕ НА ПОДПРОЕКТОТ | Основен Проект и Оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти за Автопат А4, Скопје - Блаце |
| РЕФЕРЕНЦА НА ПОДПРОЕКТОТ | WB18 MKD TRA 01 |
| КОРИСНИК | Министерство за Транспорт и Врски на Република Северна Македонија – Јавно Претпријатие за Државни патишта |
| СЕКТОР | Транспорт |
| ЗЕМЈА | Република Северна Македонија |
| ВОДЕЧКА МФИ | ЕБОР |
| ОДГОВОРНО ЛИЦЕ | Gonçalo Correia / Билјана Милошеска |
| СЕКТОРСКИ КЛУЧНИ ЕКСПЕРТИ | Ioannis Koutras<br>Менка Спировска |
| ДАТА | Февруари 2022 |
| ВЕРЗИЈА | 3 |
| НАСЛОВ НА ИЗВЕШТАЈОТ | План за вклучување на заинтересирани страни |

| **Ревизија** | **1** | **2** | **3** | **4** |
|---|---|---|---|---|
| **Дата** | 25/02/2021 | 22/06/2021 | 03/02/2022 | |
| **Детали** | Нацрт | Ревизија 1 | Ревизија 2 | |
| **Подготвено од** | Борис Стипцаров | Борис Стипцаров | Борис Стипцаров | |
| **Проверено од** | Менка Спировска | Менка Спировска | Менка Спировска | |
| **Одобрено од** | Ioannis Koutras | Ioannis Koutras | Ioannis Koutras | |

# Содржина

1. Вовед ..... 5
1.1 Контекст на проектот ..... 5
1.2 Цел и опфат на Планот за вклучување на заинтересирани страни ..... 5
2. Опис на проектот ..... 6
3. Правна и политичка рамка за вклучување на заинтересирани страни ..... 7
3.1 Национално законодавство за вклучување на заинтересирани страни ..... 7
3.2 Политика на ЕБОР за животна средина и социјални аспекти ..... 8
4. Идентификација и анализа на заинтересирани страни ..... 9
4.1 Идентификација на заинтересираните страни ..... 9
4.2 Обеспарвени / ранливи индивидуи или групи ..... 13
4.3 Родови аспекти ..... 14
5. Претходни активности за вклучување на заинтересирани страни ..... 14
6. Програма за вклучување на заинтересираните страни ..... 16
6.1 КОВИД-19 ..... 16
6.2 Предложена стратегија за информирање и комуникација ..... 16
6.3 Идни фази на проектот ..... 19
7. Ресурси и одговорност ..... 20
8. Механизам за поплаки ..... 20
9. Мониторинг и известување ..... 22
10. Додатоци ..... 23
Додаток 1: Образец за поплаки ..... 24
Додаток 2: Процедура за поплаки од проектот ..... 25
Додаток 3: Регистар на поплаки ..... 26
Додаток 4: Контакт информации ..... 27
Додаток 5: Преглед на претходните активности за вклучување на заинтересираните страни ..... 28
Додаток 6: Список на релевантни веб ресурси за КОВИД 19 ..... 33

# Табели

Табела 1 - Анализа на заинтересираните страни и барањата за комуникација ..... 9
Табела 2 - Резиме од барањата за објавување информации и вклучување на заинтересирани страни ..... 18

# Кратенки

| Кратенки | Значење |
|---|---|
| БИ | Барања за изведба |
| ГО | Граѓански организации |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ЕЗЖС | Елаборатот за заштита на животната средина |
| ЕИП | Единица за имплементација на проектот |
| ЖССА | Животна средина и социјални аспекти |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈПДП | Јавно претпријатие за државни патишта |
| ЈП ЖРСМ | Јавно претпријатие Железници на РСМ инфраструктура |
| ЛЗП | Лица засегнати од проектот |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЖСПП | Министерството за животна средина и просторно планирање |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| НВО | Невладини организации |
| ОВЖС | Студија за оцена на влијанијата врз животната средина |
| ОВЖССА | Оцена на влијанијата врз животната средина и социјални аспекти |
| ПЖССА | Политика за животна средина и социјални аспекти |
| ПУЖССА | План за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ПОЗП | План за откуп на земјиште и преселување |
| РОЗП | Рамка за откуп на земјиште и преселување |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |

# 1. Вовед

## 1.1 Контекст на проектот

Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) ја разгледува можноста за обезбедување на финансиски средства на Јавното претпријатие за државни патишта („ЈПДП" или „Проектот") во Република Северна Македонија, за финансирање на изградбата на делот од автопатот А4 Скопје – Блаце : „Изградба на автопат од клучката со локален пат за село Блаце (клучката кај „Блаце") до Скопје (клучката кај „Стенковец"), км 2+000 до км 12+250". На овој патен правец е предвидено да се изгради и патарина.

Проектната област се наоѓа во една општина: Чучер - Сандево.




**Слика 1** Мапа на локација на општина Чучер-Сандево

Со оглед на обемот и природата на Проектот, во рамките на нејзината Политика за животна средина и социјални аспекти (2019), ЕБОР проектот го категоризира како проект од А категорија. Оттука, потребно е да се направи сеопфатна оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖССА), проследена со јавно објавување на пакетот за ОВЖССА за минимум 120 дена.

Овој План за вклучување на заинтересираните страни (ПВЗС) ги опишува активностите за вклучување што се преземаат во фазата на планирање на Проектот, градежната и оперативната фаза на истиот. Подготвен е како дел од пакетот ОВЖССА за потребите на овој Проект.

Овој ПВЗС исто, вклучува и препораки за вклучување на заинтересираните страни и објавување на информации во врска со Ковид-19.

## 1.2 Цел и опфат на Планот за вклучување на заинтересирани страни

Овој ПВЗС беше изготвен од страна на ЈПДП со цел да ја утврди програмата за вклучување на сите заинтересирани и засегнати страни, која треба да се спроведува во текот на целиот проектен циклус. ПВЗС ги идентификува релевантните заинтересирани страни, ги дефинира каналите за комуникација како и плановите во однос на изградбата на планираниот автопат.

Целта на овој ПВЗС е да го подобри и олесни процесот на креирање на одлуки поврзани со Проектот, да создаде можности за активно и навремено вклучување на сите заинтересирани страни, како и да обезбеди можности истите да можат да го искажат своето мислење и грижи кои би можеле да влијаат на проектните одлуки. Следствено, целта на ПВЗС е да се зајакне вклучувањето на заинтересираните страни во текот на животниот циклус на Проектот, и да се спроведе вклучување на заинтересираните страни во согласност со македонските закони, како и согласно барањата на ЕБОР за животна средина и социјални аспекти (2019).

Овој ПВЗС ќе се ажурира по потреба.

# 2. Опис на проектот

Поврзувањето на Република Северна Македонија со Косово, поточно поврзувањето на Скопје со граничниот премин Блаце, се реализира преку постојниот национален пат А4, кој што е изграден во 1969 година.

Интензивниот меѓународен сообраќај, особено тежок товарен сообраќај кон Косово, кој има тенденција на постојан пораст, се одвива на делницата Скопје - Блаце. Оваа патна делница повеќе не ги задоволува потребите од употребен и безбедносен аспект.

За да се надмине сегашната состојба, потребно е овој пат да стане автопат со голема сообраќајна фреквенција, односно кај автопатот А4 Скопје - Блаце (клучка Стенковец).

Планираниот автопат А4 Скопје – Блаце ќе го поврзе Скопје со Косово преку рутата 6а, а подоцна со Коридорот VIII, како дел од проширувањето на основната мрежа TEN-T во Западен Балкан на коридорот Orient/East-Med.

Корисниците на Проектот, Министерството за транспорт и врски, како и Јавното претпријатие за државни патишта, преземаат активности за подготовка, комплетирање и усогласување на проектната документација за изградба на делницата од автопатот А4 Скопје – Блаце: „Изградба на автопат од клучката со локалниот пат за село Блаце (клучката кај „Блаце") до Скопје (клучка „Стенковец"), км 2+000 до км 12+250".




**Слика 2** Карта на локацијата на проектот во однос на постојната патна инфраструктура

# 3. Правна и политичка рамка за вклучување на заинтересирани страни

## 3.1 Национално законодавство за вклучување на заинтересирани страни

Барањата за јавна објава на информации и консултациски активности поврзани со подготовка на проектната документација, како и поврзани стратешки и други студии, се опфатени со следниве закони:

- **Закон за урбанистичко планирање**[1] го регулира системот на урбаниот развој на Северна Македонија, вклучително и информирање и учество на јавноста во процесот на развојот и усвојувањето на документацијата за урбано планирање.
- **Закон за животната средина**[2] Овој закон и придружната подзаконска регулатива ја утврдуваат потребата за изработка на Оцена на влијание врз животната средина (ОВЖС) за можните влијанија врз животната средина на јавни и приватни проекти, кај кои се очекува да се појави битно влијание врз животната средина, пред да се издаде градежна дозвола, во смисла на дозвола за изведување на проектот.

Јавноста мора да биде вклучена во секој чекор при реализација на процедурите на ОВЖС и сите одлуки донесени во тој процес мора да бидат објавени во соодветни медиуми, веб-страници на релевантните владини органи (национални/локални) и весници на македонски јазик и јазикот на доминантната етинчка заедница. Следниве документи ќе бидат јавно објавени:

- Известување за намера за имплементација на проектот и барање за утврдување на обемот на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина (ОВЖС)
- Одлука за  Скрининг и утврдување на обемот на ОВЖС
- Објава за достапноста на Елаборатот за заштита на животната средина (ЕЗЖС)
- Решение на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) за согласност на барањето или отфрлање на барањето за спроведување на проектот.

МЖСПП е одговорно за организирање на јавната расправа како и прибирање на релевантни мислења и коментари од јавноста. МЖСПП мора да ја одреди локацијата, датумот на јавната расправа, механизмите и времето за информирање на јавноста но и локациите каде ќе бидат ојавени Нетехничкото резиме на ОВЖС и студијата за ОВЖС. Вообичаено јавноста за целокупниот процес на ОВЖС, датумот, местото и времето на јавната расправа како и достапноста на документите е информирана преку јавните информативни медиуми, вклучително и објава во најмалку еден дневен весник на целата територија на земјата, една ТВ или радио станица. МЖСПП треба да ја спроведе јавната расправа најмалку пет работни дена пред крајниот рок за подготовка на извештајот за соодветност за студијата за ОВЖС, кој не треба да биде подолг од 60 дена од денот на поднесувањето на ОВЖС. Сумирано, процедурите за јавните расправи и консултации ги содржат следниве чекори:

- Јавноста е информирана за деталите на јавните расправи за нацрт планот/документот (каде се наоѓа примерокот за увид, како и време кога може увидот да се реализира) преку медиумите, при што и граѓаните/организациите се поканети да дадат коментари и/или да присуствуваат на јавните расправи;
- Јавните расправи, каде планот/документот се презентира, се одржуваат во соодветен јавен простор (на пр. општински простории, сала на совет на општина);

---

[1] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 32/20

[2] Службен весник на Република Македонија, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18

- Коментарите од сите заинтересирани страни се примени и процесирани, а планот/документот е ревидиран со цел да ги содржи и нив. Извештајот, со образложение за усвоените и одбиените коментари, заедно со нацрт планот/документот се доставува до релевантните органи кои проценуваат дали коментарите биле внимателно разгледани и усвоени;
- За сите коментари се доставува одговор во писмена форма.

Други применливи закони што го предвидуваат објавувањето на информации за проектот или пристапот до информациите вклучувајќи го механизмот за жалби се:

- Законот за градење[3]
- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[4]
- Законот за постапување по жалби и поплаки[5]
- Законот за експропријација.[6]

Во 1999 година, Македонија ги потпиша барањата на Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правда за прашањата поврзани со животната средина (1998). Архуската конвенција ги гарантира правата на јавноста во врска со пристапот до информации, учеството на јавноста и пристапот до правдата, во процесите за донесување одлуки на владата за прашања поврзани со локалната, националната и прекуграничната животна средина. Воедно, фокусот е ставен на интеракција помеѓу јавноста и властите.

## 3.2 Политика на ЕБОР за животна средина и социјални аспекти

ЕБОР има сеопфатен пакет на специфични Барања за изведба (БИ) кои се очекува проектите да ги исполнат. БИ 10 (Објава на информации и вклучување на заинтересирани страни) од Политиката за животна средина и социјални аспекти (ПЖССА) 2019 на ЕБОР, ја истакнува важноста на отвореното и транспарентното вклучување помеѓу проектот, неговите вработени, локалните заедници директно засегнати од проектот и другите заинтересирани страни како суштински елемент на меѓународно прифатените добри практики и корпоративното граѓанство. Вклучувањето на заинтересираните страни опфаќа идентификација и анализа на заинтересираните страни, планирање на вклучувањето на заинтересирани страни, објава на информации, консултации и учество, механизам за поплаки, и тековно известување на релевантните заинтересирани страни.

Во согласност со БИ 10, од проектите се бара да изготват и спроведат План за вклучување на заинтересирани страни соодветен на природата и опфатот на ризиците, влијанијата и развојната фаза на проектот, и да спроведат вклучување на заинтересираните страни врз основа на обезбедување пристап до навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации за локалните заедници кои се директно засегнати од проектот, како и за другите релевантни заинтересирани страни.

[3] Службен весник на Република Македонија, бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18)

[4] Службен весник на Република Македонија, бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14, 148/15

[5] Службен весник на Република Македонија, бр. 82/08, 13/13, 156/15, 193/15

[6] Службен весник на Република Македонија, бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16

ЕБОР бара носителите на проекти да воспостават и одржуваат ефикасен механизам за поплаки, притоа грижејќи се сите поплаки и жалби искажани од заинтересираните страни, се примени, обработени и ефикасно се решени, брзо и навремено.

# 4. Идентификација и анализа на заинтересирани страни

Клучните заинтересирани страни кои треба да бидат информирани и консултирани за Проектот се:

А) Засегнати или веројатно дека ќе бидат засегнати од проектот (засегнати страни од проектот); и

Б) Може да имаат интерес од Проектот (заинтересирани страни).

## 4.1 Идентификација на заинтересираните страни

Следната табела го претставува начинот на идентификација и анализа на пристапот за комуникација со посебните заинтересирани страни.

Табела 1 - Анализа на заинтересираните страни и барањата за комуникација

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| **Засегнати страни од проектот** | | | |
| **Локалното население**:<br><br>а) Оние чиј имот ќе им биде откупен или ќе им биде загрозена егзистенцијата (ќе треба да бидат консултирани при изработка на ПОЗП)<br><br>б) Оние кои ќе бидат засегнати од градежните активности (на пр. градежна бучава, прашина, зголемен број на луѓе или пак привремено попречен пристап до земјиштето и другите основни средства и достапни ресурси (ниви, објекти, шуми, пасишта и друго) за сопствениците на земјиштето во рамките опфатот на влијанија од проектот.)<br><br>в) Оние чии патеки на движење ќе им бидат засегнати за време на изградбата или за време на функционирањето на | Откуп на имот (земјиште, земјоделски култури и објекти)<br><br>Економско раселување<br><br>Потенцијален интерес за прашања од областа на здравјето во однос на проектот<br><br>Нарушување на дневната рутина како и патеките на движење на луѓето | Обезбедување навремени информации за потребата од откуп на земјиштето и преселување, како и алармирање на соодветните социјални и други релевантни локални органи на власт<br><br>Обезбедување навремени информации за градежните активности и тековниот режим на сообраќај низ целата проектна област со цел да се постигне намалување на | Комуникација за време на процесот на откуп на земјиште и/или преселувањето, во рамките на можностите.<br><br>• Материјали за онлајн презентација.<br>• Медиуми/соопштенија за печат.<br>• Онлајн социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, Viber, WhatsApp и друго.<br>• Телефонска комуникација.<br>• Директна комуникација преку е-пошта.<br>• Јавни и лични консултативни средби, доколку е можно.<br><br>Јавен оглас поставен на видливо јавни локации долж трасата (продавници, училишта, пазари...)<br><br>Јавни и индивидуални |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| автопатот (меѓународни возачи и патници, жители на населените места кои граничат со проектното подрачје и приватни лица). | | сообраќајниот метеж | консултативни средби, доколку е можно<br><br>Објавување на информации на огласна табла за обемот, времето и времетраењето на планираните активности, како и сите непријатности и нарушувања кои може да произлезат од проектните активности, во засегнатата општина и тоа две седмици најмалку пред почетокот на било какви градежни активности и една седмица пред почетокот на било која значајна промена во фазата на градба што е од особена важност за локалното население. |
| **Бизниси** кои ќе бидат директно засегнати од проектот (тековниот пат и новиот автопат), преку процес на откуп на имот, пристап до ресурсите или со пренасочување на сообраќајот кој во голема мера е важен за самиот деловен субјект | Откуп на имот (земјиште, земјоделски култури и објекти) како и пристап до ресурсите.<br><br>Нарушување на дневната рутина и патеките на движење на транспортот на работна сила и потребните материјали за градба | Консултации за потребите ПОЗП<br><br>Обезбедување навремени информации за ризиците и нарушувањата во однос на градежната и оперативната фаза на проектот. | Медиуми/соопштенија за печат.<br><br>Онлајн социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, Viber, WhatsApp и друго.<br><br>Директна комуникација преку е-пошта.<br><br>Јавни и индивидуални консултативни средби, доколку/каде е можно. |
| **Општина Чучер - Сандево и нејзиното Комунално претпријатие ЈКП Скопска Црна Гора**<br><br>**Општина Ѓорче Петров** | Успешна реализација на проектот;<br>Минимизирање на економските штети;<br>Нарушување на дневната рутина и патеките на движење на луѓето и деловните субјекти. | Обезбедување навремени информации за ризиците и нарушувањата во однос на градежната и оперативната фаза на проектот;<br>Воспоставување на соработка | Индивидуални состаноци преку интернет колку што е потребно.<br><br>Јавни консултативни средби, доколку е можно.<br><br>Директна комуникација преку е-пошта<br><br>Официјална кореспонденција |
| **Корисници на автопатот** во оперативната фаза | Нарушување на дневната рутина и патеките на движење, како и нарушување на безбедноста на патиштата | Обезбедување навремени информации за ризиците и нарушувањата за време на оперативната | Медиуми/соопштенија за печат.<br><br>Онлајн социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| | | фаза на проектот | Viber, WhatsApp и друго. |
| **Други заинтересирани страни** | | | |
| **Општата јавност** во засегнатата општина и пошироко | Постоење на проектни градежни активности. | Обезбедување навремени информации за придобивките и ризиците од проектот | Материјали за онлајн презентација.<br>Медиуми/соопштенија за печат.<br>Јавни консултативни средби, доколку е можно.<br>Социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, WhatsApp и друго. |
| **Релевантни владини органи, министерства и јавни институции,** вклучително:<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Министерство за финансии<br>• Министерство за економија<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање<br>• Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>• Министерство за труд и социјална политика<br>• Министерство за здравство<br>• Министерство за култура<br>• Државен инспекторат за труд<br>• Државен инспекторат за животна средина<br>• Министерство за внатрешни работи<br>• Министерство за одбрана<br>• Царинска управа<br>• Други важни локални и регионални служби за здравје и безбедност на заедницата како што се: противпожарна служба, полиција, итна медицинска помош. | Издавање на дозволи, согласност и мислења во склад со националното законодавство, контрола во согласност со националното законодавство | Консултации со релевантни владини институции во врска со активностите на Проектот во рамките на процедурите за дозвола<br><br>Известување во согласност со барањата на националното законодавство | Индивидуални онлајн консултации, по потреба.<br><br>Јавни консултативни средби, по можност.<br><br>Директна комуникација преку е-пошта<br><br>Официјална кореспонденција |
| **Заинтересирани невладини организации (НВОи):**<br>**Еколошки НВОи**<br>**НВОи за социјална благосостојба**<br>**Други НВОи** | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успех на Проектот, а кои се заинтересирани за заштитата на животната средина и човековото здравје | Обезбедување навремена информација, комуникација и консултација. | Онлајн индивидуални средби по потреба. Јавни консултативни средби доколку е можно.<br><br>Директна комуникација е-пошта |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| Сите организации кои се уште не покажале специфичен интерес за проектот, ќе им биде овозможено да ги изнесат своите размислувања или прашања во текот на подготовка и спроведување на Проектот<br><br>**Забелешка:** Организации кои се заинтересирани за Проектот можат да ги испратат своите контакт информации до ЕИП со цел да бидат вклучени во Табелата на невладини организации, дадена во Анекс 4 на овој ПВЗС, како и да бидат известени директно за настаните на Проектот. | | | Медиуми / соопштенија за печатот<br><br>Социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, WhatsApp и друго. |
| **ЈПДП** (и ЕИП) како и релевантните синдикати и организации на работници | Чинители од големо значење за успех на Проектот, а се директно или индиректно вклучени во процесот на планирање и имплементација на Проектот. | Обезбедување навремени информации во однос на планираните проектни активности | Канали за интерна комуникација на ЈПДП.<br><br>Обуки по потреба. |
| **Изведувачи** или подизведувачи за време на изградбата, следење и надзор на работите вработените како и работниците поврзани со одржување. | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успехот на Проектот, а се директно или индиректно вклучени во процесот на планирање и имплементација на Проектот. | Обезбедување Кодекс на однесување на Проектот, и прописи за безбедност и здравје при работа, стандарди за заштита на животната средина | Информации преку тендерска постапка и договори.<br><br>Комуникација преку инженерите за надзор.<br><br>Практични средби на градилиште и разговор за теми од безбедност и здравје при работа.<br><br>Месечни извештаи за напредокот на работите што треба да ги достават изведувачите за време на работите.<br><br>Обуки.<br><br>Комуникација преку е-пошта. |
| **Други бизниси** | Вклучување во | Информирани | Онлајн индивидуални |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| • Трговија и малопродажба<br>• Транспорт<br>• Инвеститори<br>• Земјоделски сектор<br>• Други чинители од приватниот сектор | развојот на проектните активности соодветни на нивните потреби и капацитети | бизниси кои ќе треба да го прилагодат своето работење и инвестициите во однос на планираните резултати на проектот. | состаноци, по потреба. Јавни консултативни средби, доколку е можно<br><br>Директна комуникација преку е-пошта.<br><br>Медиуми / соопштенија за печат.<br><br>Социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, WhatsApp и друго. |
| **Донатори и други меѓународни супранационални оргнаизации**<br>• Европската унија<br>• Инвестициска рамка за Западен Балкан<br>• ЕБОР<br>• Друго | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успехот на Проектот а се директно или индиректно вклучени во планирањето на Проектот и финансирањето на неговата имплементација | Реализација на поддршката и финансиите | Директна комуникација преку е-пошта.<br><br>Медиуми / соопштенија за печат<br><br>Социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, WhatsApp и друго. |

## 4.2 Обеспарвени / ранливи индивидуи или групи

Обеспарвени / ранливи индивидуи или групи се потенцијално непропорционално засегнати и помалку способни да имаат корист од можностите што ги нуди проектот, пред се, поради специфичните потешкотии за пристап и/или разбирање на самите информации за проектот и неговите влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, вклучително и стратегии за нивно ублажување.

Процесот на идентификација на заинтересираните страни испитуваше дали постојат групи на засегнати луѓе кои би можеле да бидат поранливи во однос на тековните и потенцијалните влијанија на проектот.

За време на процесот на оцена и подготовката на овој ПВЗС, беа анализирани потенцијалните групи во широката област околиу проектот, а кои би можеле да бидат засегнати од овој проект, различни во однос на полот, возраста, етничката припадност, религија и други културни, физички или други атрибути (на пр. поради дигиталниот јаз, без пристап до интернет, рурални средини). Оваа активност покажа дека може да постојат ранливи или обесправени поединци на земјиштето опфатено со проектот, кои ќе бидат засегнати со активностите на овој проект и/или може да имаат потреба од различни канали на комуникација. Такви се засегнатите сопственици/корисници на земјиште и постари лица.

Доколку ЈПДП, за време на имплементацијата на проектот, идентификува ранливи групи засегнати од овој проект, ќе бидат додадени во овој ПВЗС и ќе бидат идентификуваат соодветни методи на комуникација, но и ќе се спроведат активности за вклучување на оваа/и ранлива група/и.

## 4.3 Родови аспекти

Родовите аспекти се инкорпорирани во овој ПВЗС, како и идните методи на вклучување. Активностите за вклучување се дизајнирани со цел да им овозможат на жените да учествуваат, на пр. фокус групи и работилници. Постојат повеќе методи за жените да се вклучат во консултациите и да дадат повратни информации за различни аспекти на проектот. Жените ќе бидат консултирани за активностите на проектот, понатамошни детали за методите на консултации се дадени во поглавје 6 на овој документ.

Жените, исто така, ќе бидат консултирани за безбедноста на патиштата, ќе им се обезбеди правична и еднаква застапеност во ситуациите на донесување одлуки и ќе им се укаже на потребата од поголема свест за безбедноста на патиштата, од родова и детска перспектива.

# 5. Претходни активности за вклучување на заинтересирани страни

Проектот е во развој од 2002 година, кога бил подготвен Основен проект и биле комплетирани сите активности за ангажирање на заинтересираните страни, во однос на самиот проект.

Во 2018 година, за целите на овој проект беа преземени низа активности за вклучување на заинтересираните страни (чинители).

Изборот на претпочитаната опција вклучуваше темелно истражување на сите предложени опции, меѓу кои беше и дизајнот на проектот од 2002 година. Истрагите, покрај посетите на локацијата и користењето на локалната литература, вклучија и консултации со присутните заинтересирани страни, затекнати на лице место.

ЈПДП спроведе темелен процес на консултации со институционалните чинители, со цел да се донесе соодветна одлука за проектниот дизајн што ќе одговара на потребите на различните инволвирани владини институции, пред се, поради присуството на граничниот премин со Косово.

Беа консултирани следните институционални чинители: Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Државен инспекторат за животна средина, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Царинска управа, град Скопје, општина Чучер - Сандево, Секретаријат за европски прашања и Владата на Република Северна Македонија.

Комуникацијата со институционалните заинтересирани страни (министерства и други институции) вклучуваше размена на релевантни податоци за проектните решенија и одобрувања на предложени решенија за спорни и неспорни структури на самиот автопат. Комуникацијата со општината, исто така, вклучуваше размена на мислења, заедно со информации за сообраќајните патеки на движење низ проектната област.

Консултациите со сопствениците/корисниците на земјиштето и земјоделците беа во форма на индивидуални средби реализирани за време на теренските посети.

На 13.12.2018 година, тимот одговорен за животна средина и социјалните аспекти направи посета на проектната област и комуницираше со присутните лица затекнати на самото место. Интервјуирани беа еден брачен пар, земјоделци, кои го подготвуваа теренот за пролетна сеидба. Прашањата се однесуваа на средствата за живот, со цел за да се добијат информации и слика (од прва рака) за тоа кои се испитаниците каде и како живеат, вклучително и информации за тоа кои се сопствениците на околните ниви каде живеат и работат, и како всушност ги обработуваат нивните. Локацијата на оваа средба беше близу до раскрсницата на предложениот автопат со скопската

обиколница. Понатаму, друга група од тројца земјоделци, сите членови на исто земјоделско стопанство и семејство (три генерации), беше неформално интервјуирано, а со цел да се добијат релевантни информации за нивната егзистенција, начинот на живот, но и со сопствениците/корисниците на нивите околу нивната нива. Локацијата на ова интервју е во близина на локацијата на предвидената наплатна станица за новото автопатско решение. Последните интервјуирани лица беа брачен пар кој во моментот се наоѓаа во нивната мала викендичка лоцирана најдолу од целата викенд населба. Нивното постојано живеалиште се наоѓа во Скопје, но тие често одат во својата викендичка (со исклучок на студените и дождливите денови), често сами, но и со пријателите/роднините.

За време на теренската посета реализирана на 06.03.2019 година, интервјуирани беа двајца сопственици на две различни бачила. И двајцата беа информирани за планираните проектни активности. Со истите се разговараше за начинот на живот и водење бизнис на оваа локација, на што беа добиени задоволителни одговори. Исто така, се разговараше за потенцијалното економско раселување, пристапот до локалните ресурси и елементите на предложениот проект, но и опциите.

Теренската посета реализирана на 19.09.2019 година, вклучи посета на викендичка оддалечена од викенд населбата. При посетата, во викендичката беа затекнати нејзиниот сопственик (постар маж) заедно со синот и неговите внуци (сите четворица живеат во Скопје), кои ја кастреа вегетацијата во нивната парцела. Куќата е изградена одамна, но скоро е реновирана. Предвидено е патот да поминува 10-15 метри до куќата, а Идејниот проект предвидува вијадукт и потпорен ѕид на тој потег, со цел да се минимизира или избегне експропријација на имотот.

Дополнително, неформално беше интервјуиран и сопственик на бизнис (печатница), чиј бизнис се наоѓа во близина на идната наплатна станица. Неговиот интерес беше насочен кон проектните решенија и прашања за можно раселување (ако воопшто ги има) поврзани со неговиот имот и бизнис. Потенцијалните влијанија и мерките за ублажување, како и постапката за ОВЖССА, беа главниот интерес на локалните заинтересирани поединци.

На 16.06.2020 година беше посетена локацијата на идниот автопат, заради потсетување во однос на постојната состојба, при што беа интервјуирани двајца земјоделци и двајца сточари (овчари). Неформалните интервјуа вклучуваа разговори околу идејниот проект, мерките за компензација при раселување на засегнатите луѓе и мерките за ублажување, што може да се спроведат во фазата на изградба.

За време на пандемијата, на 19.11.2020 година, заради потврдување на избраната проектна алтернатива, беше извршена заедничка теренска посета на проектната област (стрелиштето Стенковец), од страна на локалната канцеларија на ЕБОР, тимот на IPF7 (проектанти и експертите за ОВЖССА), ЈПДП, претставник од Владата на РСМ, Секретаријатот за европски прашања, Армија, Полиција и Градоначалникот на општината. Посетата на терен се фокусираше на набљудување на полигонот за стрелање, пристапните патишта и потенцијалните безбедносни проблеми со идните учесници во сообраќајот и сегашните (нелегални) корисници на земјиштето.

Последната посета на проектната област, каде беа консултирани заинтересирани страни, беше реализирана на 19.05.2021 година. При набљудување на тековните градежни активности, на делот од постојниот пат кон границата со Косово (2,1 km), сретнати беа и двајца претставници населбата (село) Долно Блаце, меѓу кои едниот одговорен за селските гробиштата лоцирани во близина на планираниот автопат. Со овие претставници беше разговарано за прашања во однос на Планот за вклучување на заинтересираните страни и неговата достапност, постоењето на механизам за поплаки, постапката за ОВЖССА и објавувањето на релевантната документација, како и нејзината достапност.

Реализирани беа бројни поединечни состаноци и комуникациски средби од страна на ЈПДП со цел добивање релевантни податоци за избор на проектните опции (алтернативи), како и собирање на релевантни мислења од одговорните институции во однос на нацрт на идејниот проект. Имаше

значителни корекции во предложениот првичен проект за автопатот, со цел да се донесе соодветна одлука за проектирање што ќе одговара на потребите на различните инволвирани државни институции, поради присуството на граничен премин со Косово и стрелиште управувано од армијата (објект за обука).

Осврт на консултациите со засегнатите страни реализирани досега, е даден во Додаток 5.

# 6. Програма за вклучување на заинтересираните страни

## 6.1 КОВИД-19

Новата ситуација со пандемијата КОВИД-19, предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, ги промени познатите и широко користените методи за објава на информации и вклучување на заинтересираните страни.

Со цел максимално да се избегне изложеноста на инфекцијата и нејзиното пренесување, методите за вклучување на заинтересираните страни и објавата на информации за овој проект се прилагодени според препораките издадени од најрелевантните меѓународни и национални организации, како и релевантните чинители кои ја моделираат и дефинираат добрата меѓународна пракса.

ЕБОР има објавено водич[7] за добри практики за консултации со јавноста во време на пандемијата Ковид-19. Списокот на веб-страници за јавни консултации и објавување на информации во времето на COVID-19, како и добрата меѓународна пракса, е претставен во Додаток 6.

## 6.2 Предложена стратегија за информирање и комуникација

За целите на проектот ЈПДП ќе користи различни методи за вклучување на заинтересираните страни со цел да обезбеди постојана комуникација со сите заинтересирани страни, како и да ги направи достапни за јавноста сите неопходни информации. ЈПДП во соработка со засегнатата општина, но и локалните заедници кои се засегнати од проектот, ќе овозможат редовно информирање на локалните жители и деловните субјекти што живеат или работат во близина на проектот или во соседните населби (Орман, Никиштане, Бразда, Глуво, Блаце), особено во однос на почетокот на градежните активности и целокупните влијанија врз локалните патишта, сопствениците на земјиштето и присутните деловни субјекти.

ЈПДП ќе спроведе јавни консултации и дисеминација на информации, а кои ги рефлектираат главните прашања релевантни за проектот:

1. Планирано е да се одржи физичка средба со градоначалникот и претставниците на засегнатите населени места (со целосно спроведување на мерките за заштита од КОВИД 19), со цел да се презентира конечниот дизајн на проектот и да се информираат засегнатите претставници за потенцијалните влијанија и мерките за ублажување кои се планирани да се спроведат во таа насока.

2. Заради информирање на јавноста за планираните проектни активности, ЈПДП ќе создаде промотивна видео презентација од трасата (снимање со дрон) и ќе ја објави на својата веб-страница, како и на социјалните медиуми, како што се Facebook и YouTube. ЈПДП ќе објави информации (рекламирање) на медиумите за достапноста на промотивното видео на проектот, и истото ќе го објави на сопствената веб-страница и социјалните медиуми.

---

[7] https://www.ebrd.com/covid19-consultation.pdf

3. Планирано е да се одржи онлајн јавен консултативна средба за проектот со деловните субјекти од економската зона Визбегово која граничи со земјиштето зафатено со проектот, главните невладини организации за заштита на животната средина, социјалната благосостојба и биолошката разновидност во областа, како и општа јавност што живее во поширокaта проектна област. Онлајн настанот ќе има два дела: презентација на проектот од страна на проектниот тим на ЈПДП, составен од членови од одделот за ЖССА (Животна средина и социјални аспекти), одделот за развој на проекти и правниот оддел, и ќе има јавна дискусија со учесниците (прашања). Проектниот тим на ЈПДП ќе биде поддржан од специјалисти/експерти вклучени во изработката на ОВЖССА и дизајнот на проектот.

Онлајн презентацијата/објавувањето ќе биде промовирана/објавена на веб-страницата на ЈПДП и на национални медиуми. Дополнително, ЈПДП ќе испрати покана за учество по пошта, е-пошта и/или преку телефонска комуникација до невладините организации, локалните деловни субјекти кои може/ќе биде засегнати, локалното население од засегнатите населени места и сопствениците на земјиштето (каде има достапни контакт информации).

Регистрацијата за учеството на настанот за презентирање на проектот ќе започне една недела пред настанот. Платформата, времето и датумот на онлајн настанот ќе бидат однапред познати, а само пријавените учесници ќе добијат покана да се приклучат на презентацијата што ќе се одржи преку бесплатните достапни платформи и да поставуваат/покренуваат прашања во живо. Настанот ќе биде проследен и на YouTube, Facebook и други платформи (доколку е можно), а поставените/покренатите прашањата може да се постават во писмена форма, директно испратени до одговорното лице за спроведување на овој ПВЗС.

ЈПДП ќе ги информира сите заинтересирани страни за точниот датум, време и место каде и како ќе се одржи презентацијата, најмалку 7 дена однапред (но, по можност 2 недели), со објавување на информации преку социјалните медиуми, веб-страниците на ЈПДП и општина Чучер-Сандево, локалните медиуми (весници, онлајн портали за вести) и огласните табли на општината. Најавата за онлајн јавната средба ќе биде објавена и во засегнатите и соседните населени места на проектот, со цел конкретно да се информрира локалното население кое живее во овие области. Дополнително, невладините организации, наведени во додатокот 4 на овој ПВЗС, ќе бидат директно контактирани и информирани за настанот за јавна објавува на информации.

Во истиот период како и споменатиот онлајн настан за јавна консултација, ЈПДП ќе организира помали, одделни дискусии со локалните заедници во две од селата во близина на земјиштето зафатено со проектот: селото Орман (приближно 1 км од земјиштето зафатено со проектот) и с. Никиштане (околу 2 км од земјиштето зафатено со проектот), двете во општина Ѓорче Петров. Целта ќе биде да се објасни проектот и да се разговара за можните влијанија врз овие заедници, особено врз тековната употреба на постоечките пристапни патишта од страна на овие заедници за патување од селата до патот Скопје-Блаце, а потоа понатаму до другите делови на Скопје.

4. Предвидено е, исто така, да се одржи посебен настан за објавувањена информации на интернет каде ќе се промовира пакетот за објавување на информации на ОВЖССА и ќе одржи дискусија во живо, на достапните бесплатни комуникациски платформи, со заинтересираните страни и луѓето кои ќе се пријават за учество.

ОВЖССА пакетот ќе содржи:

- Не-техничко резиме
- Оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖССА),
- План за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС),
- План за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА),
- Формулар за поднесување поплаки на проектот (види Додаток 1)
- Рамка за откуп на земјиште и преселување (РОЗП), и
- План за откуп на земјиште и преселување (ПОЗП)

Документите ќе бидат објавени на официјалната веб страна на ЈПДП (www.roads.org.mk), на веб страната на Општина Чучер-Сандево (www.cucersandevo.gov.mk). Истите ќе бидат подготвени на англиски, македонски, а некои и на албански јазик, и ќе бидат достапни по нивното официјално одобрување. Документите ќе останат јавно достапни во период од 120 календарски дена. Сите заинтересирани можат да коментираат на објавената документација во дадениот период од триесет дена.

Документите, исто така, ќе бидат објавени на веб-страницата на ЕБОР во период од 120 календарски дена и ќе останат јавно достапни за времетраењето на Проектот. Сите заинтересирани лица можат да коментираат на објавената документација за рок од дадениот период од 120 дена.

Студијата за ОВЖССА ќе биде јавно достапна 30 дена на веб-страницата на МЖСПП за националната процедура за објава на информации.

Презентацијата на документацијата за ОВЖССА за проектот ќе има за цел да обезбеди информации до јавноста за изградбата и функционирањето на планираниот автопат.

Сите оправдани коментари и предлози ќе бидат разгледани и соодветно адресирани. ЕИП ќе објави краток извештај за сите покренати релевантни прашања, вклучувајќи и објаснување за одбивање /прифаќање на предлозите.

5. Сите достапни информации и документи за проектот ќе бидат јавно објавени најмалку 2 недели пред почетокот на било какви планирани презентациски настани. Доколку е потребно, ќе се организираат и одделни онлајн и индивидуални состаноци и ќе се одржи директна комуникација, со цел да се осигури дека учеството на заинтересираните страни соодветствува со полот и етничкото потекло на заинтересираните.

Резимето од барањата за вклучување на заинтересираните страни и објавата на информации наведени погоре, се наоѓа подолу.

Табела 2 - Резиме од барањата за објавување информации и вклучување на заинтересирани страни

| | Активност | Време/Останати инфомрации | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Организација на најмалку една онлајн јавна средба за консултации со јавноста и неинституционалните чинители, за презентација на проектот.<br><br>Поттик за доставување писмени предлози и коментари.<br>Обезбедување навремен пристап до документите пред одржувањето на било која средба (најмалку 2 недели пред настанот) | Заинтересираните страни ќе бидат информирани за точниот датум, време и место на одржување на средбата, најдоцна седум дена пред состанокот (по можност 14 дена), по пат на информирање преку веб-страниците на ЈПДП локалните медиуми и огласните табли на општините, како и засегнатите населени места од проектот.<br>Пријавувањето за онлајн состаноците ќе биде задолжително.<br>НВОи наведени во Додаток 4 од овој ПВСЗ ќе бидат директно контактирани и информирани за одржување на јавната средба. | ЈПДП/ЕИП |
| 2 | Организација на јавна презентација за документацијата за ОВЖССА | Организирање онлајн средба/презентација преку достапните онлајн платформи.<br>Јавноста да биде информирана (преку реклами во медимуите) и поканета да се регистрира за учеству во презентацијата.<br>Бизнисите и невладините организации (наведени во Анекс 4 на | ЈПДП |

| | Активност | Време/Останати информации | Одговорност |
|---|---|---|---|
| | | овој ПВЗС) во засегнатата област од проектот ќе бидат поканети со писмо. | |
| 3 | Да се осигури дека следните проектни документи ќе бидат објавени на веб-страниците на МЖСПП, ЈПДП и општината:<br>– Овој ПВЗС<br>– ОВЖССА Студијата<br>– Рамката за откуп на земјиште и преселување<br>– Планот за откуп на земјиште и преселување<br>– Формуларот за поднесување поплаки на проектот и информативниот лист за поплаки<br>– Не-техничкото резиме<br>Печатење и чување печатени верзии од документите во просториите на МЖСПП, ЈПДП, и општината на Чучер-Сандево. | Сите достапни информации и документи за Проектот ќе бидат објавени веднаш откако ќе станат достапни, но најмалку 2 недели пред средбата | МЖСПП/ЈПДП |
| 4 | Организација на поединечни консултативни средби | Според потребите или на барање на ЈПДП, Општината, или било кој друг идентификуван чинител/ група/ индивидуи | ЈПДП |
| 5 | Документирање на сите мислења, забелешки и можни решенија во однос на Проектот, кои биле покренати од заинтересираните страни во текот на консултативните средби, како и соодветен одговор на истите | Тековно | ЈПДП |
| 6 | Објава на информации за обемот, временскиот распоред и времетраењето на планираните градежни работи, како и очекувани прекини и недоследности, преку веб-страниците на ЈПДП и засегнатата општина | Две недели пред започнувањето на градежните работи на ЈПДП | ЈПДП |
| 7 | Објава на информации за проектните активности на проектот преку веб-страницата на ЈПДП, како и засегнатата општина, но и на видливите локации низ засегнатите локални заедници | Неделно, за време на градежната фаза. | ЈПДП и изведувачот |

## 6.3 Идни фази на проектот

За времетраењето на проектот, ЈПДП, ЕИП и изведувачот(ите) ангажирани на проектот ќе продолжат да ги вклучуваат заинтересираните страни, а овој ПВЗС ќе се ажурира со цел да го одразува напредокот на проектот. ПВЗС ќе се ажурира пред да започне изградбата, прашањата покренати во текот на градежниот процес ќе бидат документирани и ќе се обезбеди одговор преку механизмите опишани во овој ПВЗС.

Печатени копии од пакетот за јавна објава на ОВЖССА ќе бидат достапни во просториите на МЖСПП, ЈПДП и општината. Дополнително, печатени копии од ОВЖССА и релевантни проектни документи ќе бидат достапни на градилиште, канцеларијата на изведувачот - по започнување со градежните работи, и во засегнатата Општинска зграда.

За време на изградбата, ќе бидат поставени информативни табли од главниот изведувач, веднаш до патиштата кои служат како влезни/излезни патишта до/од проектната област и водат до/од соседните населени мест. Овие табли ќе служат и како канал за комуникација со локалните жители од соседните населени места (Орман, Никиштане, Бразда, Глуво, Блаце). Информации поврзани со механизмот за поплаки, исто ќе бидат вклучени. Изведувачот ќе ги обезбеди локациите пред почеток на било какви градежни активности и ќе обезбеди дека се поставени соодветни ознаки и предупредувачки знаци за градежната локација.

Сите материјали за презентација, како и релевантната проектна документација, ќе бидат достапни на веб-страницата на ЈПДП (www.roads.org.mk), за целото времетраење на проектот.

Секоја информација во врска со овој проект, во оперативната фаза, ќе биде објавена на веб-страницата на ЈПДП и социјалните мрежи кои ги раководи.

# 7. Ресурси и одговорност

Единица за имплементација на проектот (ЕИП) ќе биде формирана од ЈПДП, а која ќе биде одговорна за спроведување на проектот, вклучително и спроведување на овој ПВЗС. ЕИП ќе ја инкорпорира потребната организациска структура, капацитетот и компетенциите, соодветни на природата и обемот на проектот и пропорционални со нивото на неговите еколошки и социјални ризици и влијанија. ЕИП ќе биде во редовна комуникација со ЕБОР.

Заради ефективно реализирање на планираните активности за вклучување на заинтересираните страни, ЕИП ќе користи сопствени финансиски средства. Изведувачот ќе биде одговорен за своите трошоци направени во име на потребните активности за вклучување на заинтересираните страни за овој проект.

За спроведување на овој ПВЗС ќе биде назначено одговорно лице од страна на ЕИП, кое во исто време ќе биде задолжено и за комуникација со заедниците. Нејзините/неговите контакт информации ќе се ажурираат по потреба.

Сите изведувачи одговорни за извршување на специфичните проектни активности мора да ги имплементираат релевантните одредби од овој ПВЗС (види Поглавје 6). Барањата поврзани со механизмот за поплаки ќе бидат наведени во тендерската документација, како и договорите кои што се потпишани со изведувачите.

# 8. Механизам за поплаки

ЈПДП, во име на овој Проект, ќе воспостави процедура за поплаки при што, сите заинтересирани страни ќе бидат информирани за постоење на механизмот за поплаки, контакт лицата од ЈПДП одговорни за спроведување на механизмот, како и за формите за поднесување на поплаки.

Флаерот за поплаки и формата на поплаки (Додаток 1) за Проектот ќе бидат достапни на официјалната веб страна на ЈПДП и на засегната општина Чучер-Сандево. Доколку Општината добие поплака (во печатена форма или по е-пошта) тие ќе ја доставаат до ЈПДП во рок од 3 дена по приемот кој веднаш ќе ја проследи до ЕИП за понатамошна обработка. Дополнително, сите коментари дадени од заинтересирани страни може да се соопштат лично, по телефон или во предвидената форма на поплаки. Дозволено е анонимно поднесување на поплаки.

Образецот за поплаки може да се достави и до изведувачот за време на градежните работи. Флаерот и образецот за поплаки ќе бидат достапни на самото градилиште во печатена форма на македонски и албански јазик, додека флаерите ќе бидат објавени на огласната табла на

градилиштата со цел да бидат видливи за јавноста и заинтересираните страни. Изведувачот е должен сите примени поплаки да ги проследи до лицето за контакт на проектот во ЕИП.

Сите поплаки ќе бидат забележани во Регистарот за поплаки (Додаток 3) и ќе бидат потврдени во период од 7 дена. Заинтересираните страни што поднесуваат поплаки ќе бидат информирани од страна на ЈПДП за предложените корективни мерки и преземени активности во рок од 15 календарски дена по поднесувањето на поплаката. Доколку ЈПДП неможе да го реши проблемот, или доколку не е потребно никаква активност, ЈПДП ќе даде соодветно образложение и оправдување на подносителот на поплаката на кој начин понатаму да постапува, доколку не е задоволен од резултатот. Лицата што поднеле поплака можат да посегнат и по други правни механизми во согласност со националните закони и регулативи.

ЕИП ќе го следи начинот на кој се постапува со поплаките и ќе води евиденција за пристигнати поплаки во регистарот на поплаки, вклучувајќи ги и оние доставени од Изведувачот. Регистарот ќе послужи како основа за пополнување на извештаите за управување со поплаки, а кои ќе бидат вклучени во годишните Извештаи за животната средина и социјални аспекти кон Банката.

ЕИП ќе ги објавува и редовно ќе ги ажурира сите релевантни документи и процедури за поплаки на веб-страницата на ЈПДП, но и ќе обезбеди копии од Образецот за поплаки до општина Чучер-Сандево. ЕИП ќе обезбеди повратна информација кон сите заинтересирани страни кои го пополниле образецот за поплаки преку е-пошта или по пошта. Исто така, ЕИП ќе комуницира со сите релевантни заинтересирани страни и ќе ги информира за било какви промени во динамиката на проектот, при што сите ажурирања ќе бидат објавени на веб-страницата на ЈПДП и општината, и истовремено ќе бидат обезбедени флаери во локалните заедници од засегнатата област од Проектот.

Во секое време, лицата што поднеле поплака можат да бараат други правни решенија во согласност со правната рамка на Република Северна Македонија, вклучително и формална судска жалба.

Сите проекти финансирани од ЕБОР ќе бидат структурирани со цел да ги исполнат барањата на ЕБОР за животна средина и социјални аспекти[8], а која вклучува десет барања за изведба (БИ) во клучните области на еколошката и социјалната одржливост што проектите треба да ги исполнат, вклучително и БИ10 кое се однесува на објавување на информации и вклучување на заинтересираните страни. Дополнително, независниот механизам за проектна одговорност на ЕБОР (НМПО)[9], како независна алатка за последна инстанца, има за цел да го олесни решавањето на социјалните, еколошките и прашањата поврзани со јавно објавување информации, а се покренати од луѓето кои се засегнати од проектот, но и од граѓански организации за проектите финансирани од ЕБОР меѓу заинтересираните страни во проектот или да утврди дали Банката ја почитувала својата политика за животна средина и социјални аспекти и одредбите специфични за проектот од нејзината политика за пристап до информации[10]; и каде што е применливо, да ја реши секоја постојна неусогласеност со овие политики, притоа спречувајќи идна неусогласеност од страна на Банката. За работниците ќе биде достапен посебен механизам за поплаки.

Контакт информации за прашања и поплаки:

Внимание: г-дин Јоже Јовановски

г-ѓа Билјана Цветковиќ

**Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП)**

Адреса: ул. Даме Груев 14, Скопје, Северна Македонија

[8] https://www.ebrd.com/news/publications/policies/environmental-and-social-policy-esp.html
[9] https://www.ebrd.com/project-finance/ipam.html
[10] https://www.ebrd.com/documents/strategy-and-policy-coordination/access-to-information-policy.pdf

Тел: + 389 2 311 80 44 ext. 305 и 312

Е-пошта: j.jovanovski@roads.org.mk; biljanal@roads.org.mk

# 9. Мониторинг и известување

ЈПДП, заедно со локалните самоуправа од општина Чучер-Сандево, ќе бидат одговорни за следење на активностите за имплементација на ЕИП во сферата на вклучување на заинтересираните страни на проектот, како и каналите за комуникација, особено оние со лицата засегнати од проектот (ЛЗП)[11].

Со цел да го сумира процесот на ангажирање на заинтересираните страни, ЕИП ќе подготви посебен мониторинг извештај (Извештај за активностите за вклучување на заинтересираните страни), каде првиот извештај треба да се изработи шест месеци по почетокот на градежните активности и ќе продолжи да се изработува на полугодишна основа, се до завршувањето на градежните работи. По завршувањето на Проектот, ЕИП ќе изготви годишен извештај за мониторинг во текот на оперативната фаза. Мониторинг извештаите треба да ги содржат следниве информации:

- Консултативни средби со заинтересираните страни (место, време, дискутирани прашања, мерки за ублажување обезбедени од страна на ЕИП)
- Идентификувани поплаки во периодот за кој се изработува извештај (и сите детални информации за тоа)
- ЕИП ќе го известува ЕБОР и WBIF за активностите за вклучување на заинтересираните страни (на годишно ниво).
- Секој извештај за активностите за вклучување на заинтересирани страни за проектот ќе биде објавен на веб-страницата на ЈПДП за јавни прегледи и понатамошни коментари.

ЕИП ќе покани заинтересирана локална НВО / ГО за реализација на надворешен мониторинг, со цел да го надгледува спроведувањето на активностите на ПВСЗ.

Индикаторите што треба да се следат при реализација на ПВЗС се:

- Сите заинтересирани страни се комуницирани пред започнување на активностите на проектот.
- Дисеминација на информации - достапност и пристапност до проектните документи; фреквенција на дистрибуција на информации, пристигнати информации до заинтересираните страни;
- Реализација на планираните активности - бројот и степенот на учество од страна на специфичните групи на заинтересирани страни;
- Број на идентификувани и комуницирани ранливи групи;
- Записници од средби;
- Испорачани активности за корекција;
- Број и вид на поплаки;
- Усогласеност со механизмот за поплаки - Комплетирани извештаи во Регистарот за поплаки: Додаток 3;
- Процент на поплаки решени во пропишани временски рокови; и
- Број на повторени поплаки.

[11] ЛЗП - Лица засегнати од проектот: Лице (без разлика дали е физичко или правно) кое се соочува со физичко или економско раселување.

# 10. Додатоци

## Додаток 1: Образец за поплаки

| **Референтен број:** | |
|---|---|
| **Целосно име и презиме:**<br>*(можете да останете анонимен/а, доколку сакате вашиот идентитет да не биде откриен без ваша согласност)* | |
| **Информации за контакт:**<br>Ве молиме да означите на кој начин сакате да ве контактираме (пошта, телефон, е-пошта). | • **пошта:** (Ве молиме наведете ја поштенската адреса)<br>________________________________________<br>________________________________________<br>• **телефон:** _______________________________<br>• **е-пошта:** ____________________ |
| | |
| **Претпочитан јазик на комуникација** | ☐ Македонски<br>☐ Албански<br>☐ Друг: ___________________ |
| **Опис на инцидент/поплака:** Што се случило? Каде се случило? Кому се случило? Кој е резултатот од проблемот? | |
| **Датум на инцидент / поплака** | **Еднократен инцидент /поплака (датум ____________ )**<br>**Се има случено повеќе од еднаш (колку пати)? (_______)**<br>**Во тек (проблемот се случува тековно)** |
| | |
| **Што сакате да се направи за да се реши проблемот?** | |
| | |
| Потпис: | Датум: |
| Ве молиме да го доставите овој формулар до:<br>Јоже Јовановски или Билјана Цветковиќ<br>Е-пошта: j.jovanovski@roads.org.mk biljanl@roads.org.mk<br>тел. + 389 2 311 80 44 ext.305 и 312<br>www.roads.org.mk | Адреса: Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП)<br>ул. Даме Груев бр.14,<br>1000 Скопје<br>Република Северна Македонија |

# Додаток 2: Процедура за поплаки од проектот



# Додаток 3: Регистар на поплаки

Регистарот на поплаки од проектот, кој се води во дигитален формат и табеларен приказ, потребно е да ги содржи следниве информации:

**Внес:**

Иницијатор:

Локација на живеалиште:

Вид на проблем

Име и презиме

Контакт информации

Датум на внес

Потврда за прием на поплаката

**Проблем:**

Опис на проблемот

Предложено решение

Активности што треба да се преземат за решавање на проблемот

**ИЗЛЕЗ:**

Датум на затворање

Следење на поплаката

Резултати од преземените дејствија

Повторување Да/Не.

# Додаток 2: Контакт информации

| Име на заинтересираната страна: (Организација/Институција/ЛЗП) | Информации за контакт |
|---|---|
| **Македонско еколошко друштво (МЕД)** | Борис Трајковски, ул.7, бр.9А, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 2402 773,<br>Факс: (02)2402 774<br>Моб: 078 371 175<br>contact@mes.org.mk |
| **Еколошко движење на Македонија (ЕДМ) – Скопје** | Васил Горгов 39/ 6, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 3220-518<br>dem@dem.org.mk |
| **Центар за истражување и информирање на животната средина „Еко-свест“ – Скопје** | Никола Кљусев 14, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 3217-247<br>Моб: 072 726-104<br>info@ekosvest.com.mk |
| **Фронт 21/42** | Орце Николов 83А, 1000 Скопје<br>Тел/Факс: (02) 3122-546<br>Моб: 075 433-231<br>contact@front.org.mk |
| **Македонски зелен центар** | Бул.Водњанска 35/12, 1000 Скопје<br>Тел/Факс: (02) 310-9373<br>Моб : 078 205 217<br>zeleni@zeleni.org.mk |
| **Здружение за проучување и заштита на птици на Македонија** | ПМФ - Гази Баба ББ, 1000 Скопје,<br>02/3117-055; 078/254-736<br>brankom@ukim.edu.mk |
| **Здружение за заштита на бувовите** | Јуриј Гагарин 28-5/3, 1000 Скопје<br>070/999-859<br>macedonian.owl.trust@gmail.com |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

Забелешка: Други заинтересирани НВО може да бидат идентификувани при понатамошното планирање и спроведување на Проектот.

За Јавната расправа, МЖСПП ќе ги покани сите невладини организации од нивниот список да присуствуваат на настанот.

# Додаток 3: Преглед на претходните активности за вклучување на заинтересираните страни

| Бр. | Датум / место на одржување | Настан за вклучување на заинтересираните страни | Присутни заинтересирани страни | Број на луѓе со кои се комуницирало/консултирано | Клучни прашања дискутирани | Метод |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 07.11.2018<br>Објекти на контролен пункт на РСМ, косовска граница | Прекугранична комуникација | Косовскиот претставник,<br>ЈПДП, IPF и Тимот, Секретаријат за европски прашања | 8 | • Конфигурација на трасата и границите на првиот дел<br>• Програма за геотехнички истражувања за првиот дел<br>• Програма за истражување за првиот дел<br>• Дозволи за Топо-Годетски работи<br>• Заклучоци за главните забелешки за спецификите на проектот | Состанок |
| 2 | 13.12.2018, Теренска посета | Теренска посета и комуникација со поединци пронајдени на лице место | Потенцијално засегнати сопственици/корисници на ниви и викендици | 7 | • Потенцијално економско раселување<br>• Социо-економски обрасци на обезбедување егзистенција на локалните сопственици/корисници на замјиштето (земјоделците)<br>• Пристап до локални ресурси / дизајн на проект | Состанок |
| 3 | 06.03.2019 | Теренска посета и комуникација со | Сопственици на 2 бачила | 4 | • Потенцијално економско раселување, | Состанок |

| Бр. | Датум / место на одржување | Настан за вклучување на заинтересираните страни | Присутни заинтересирани страни | Број на луѓе со кои се комуницирало/консултиран о | Клучни прашања дискутирани | Метод |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | поединци пронајдени на лице место | | | • Пристап до локални ресурси / дизајн на проект | |
| 4 | 08-03-2019,<br><br>Просториите на ЕБОР во Скопје | Координација со институционалните заинтересирани страни | ЕБОР, IPF7 Тимот and ОВЖССА Експерти, ЈПДП, Претставник на влада на РСМ, Секретаријат за европски прашања | 11 | • Напредок на проектот<br>• Дискусија за поделбата на проектот на 2 дела<br>• Иден ангажман | Работилница преку видео повик |
| 5 | 15-03-2019, Секретаријат за европски прашања (СЕП), Скопје | Координација со институционалните заинтересирани страни | IPF7 Тимот and ОЖССА Експерти, ЈПДП, Претставник на влада на РСМ, Секретаријат за европски прашања, Македонски железници,Министерство за финансии, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Македонски царини | 16 | • Дискусија за предложени решенија за проектниот дзиајн<br>• Управувањето со проектот<br>• Иден ангажман | Состанок |
| 6 | 19.09.2019, Теренска посета | Теренска посета – Комуникација со потенцијално засегнати лица | Приватни и деловни сопственици и корисници на потенцијално засегнатите објекти | 4 | • Сопственички статус на викендиците<br>• Потенцијални влијанија и мерки за ублажување<br>• Постапка за ОЖССА | Директна комуникација |
| 7 | 10.09.2019, Скопје, Градежен факултет | Координација со институционалните заинтересирани страни | IPF7 Тимот ОЖССА Експерти, ЈПДП, Секретаријат за европски прашања | 10 | • Детален дизајн<br>• Координација меѓу тимот<br>• Клучни прачања на повеќекритериумската | Состанок |

| Бр. | Датум / место на одржување | Настан за вклучување на заинтересираните страни | Присутни заинтересирани страни | Број на луѓе со кои се комуницирало/консултирано | Клучни прашања дискутирани | Метод |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | анализа | |
| 8 | 16.06.2020 Теренска посета | Консултации со земјоделците пронајдени на полињата и сопствениците на стока | Корисници на земјиште | 6 | • Детален дизајн<br>• Мерки за компензација и раселување<br>• Ублажување | Состанок |
| 9 | 02.07.2020, Skopje | Координација со институционалните заинтересирани страни | ЕБОР, IPF7 Тимот and ОЖССА Експерти, ЈПДП, Претставник на влада на РСМ, Секретаријат за европски прашања | 19 | • Презентација на идејното решение за вториот дел<br>• Трошоци за одржување, изградб, експропријација и други трошоци<br>• Дискусија за повеќекритериумската анализа (ПА) | Онлајн состанок (преку видео повик) |
| 10 | 19.11.2020, Теренска посета на стрелиштето Стенковец | Заедничка теренска посета – Дискусии меѓу заинтересираните страни | ЕБОР, IPF7 Тимот and ОЖССА Експерти, ЈПДП, Претставник на влада на РСМ, Секретаријат за европски прашања, Армија на РСМ, | 25 | • Клучни патни коридори и избегнување на патишта.<br>• Клучни прашања поврзани со природата<br>• Иден ангажман | Директна комуникација |
| 11 | 23.12.2020 | Состанок | Град Скопје, ЈПДП, проектант – урбанистички планер | 6 | • Презентација на обемот на проектот<br>• ГУП за град Скопје<br>• Дефинирање на крајната точка и варијанта на проектот со град Скопје | |
| 12 | 19.05.2021, Теренска посета | Набљудување на тековните градежни активности за потсекција | Претставници на локалната заедница од Долно Блаце, меѓу одговорните за гробиштата во | 2 | • Планот за вклучување на заинтересираните страни и неговата достапност<br>• Механизмот за поплаки | Директна комуникација |

| Бр. | Датум / место на одржување | Настан за вклучување на заинтересираните страни | Присутни заинтересирани страни | Број на луѓе со кои се комуницирало/консултиран о | Клучни прашања дискутирани | Метод |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | околината на проектот | | • Постапка за ОВЖССА и јавното објавување на релевантната документација како и нејзината достапност | |
| 13 | 8.06.2021 | Теренска посета | ЈПДП, проектантот | 5 | • Презентација на проектот<br>• Потенцијални проблеми со предложените решенија на неколку микролокации на кои им треба корекција во главниот дизајн. | Теренска посета |
| 14 | 11.08.2021, Просториите на ЈПДП, Скопје | Состанок | Градоначалникот и претставниците од општинската администрација на општина Чучер – Сандево | 9 | • Презентација на проектот<br>• Потенцијални проблеми со предложените решенија на неколку микролокации на кои им треба корекција во главниот дизајн. | Состанок |
| 15 | Континуирано од 2018 г. Секретаријат за европски прашања, Јавното претпријатие за државни патишта, МТВ, МВР, ЈП ЖРСМ Инфраструктура итн. | Координација и директна комуникација | Институционални заинтересирани страни | n/a | • Проблеми со развојот на проектот и потенцијални проблеми | Состаноци, видео повици, директна комуникација |
| 16 | | | | | | |

# Додаток 4: Список на релевантни веб ресурси за КОВИД 19

- [ЕБОР] Вклучување на заинтересирани страни (БИ10). ЕБОР брифинг белешка. Ковид-19

https://www.ebrd.com/covid19-consultation.pdf

- Официјален владин онлајн ресурс во Северна Македонија.

https://koronavirus.gov.mk/

- [СЗО] COVID -19

https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019

- [МОТ] COVID -19

https://www.ilo.org/global/topics/coronavirus/lang--en/index.htm

- [ЕИБ] Водечка белешка до промоторите на ЕИБ за еколошки и социјални перформанси во операциите финансирани од ЕИБ како одговор на кризата со појава на КОВИД-19 (Додаток 4 – Вклучување на заинтересирани страни)

http://www.eib.org/attachments/covid19_guidance_note_to_promoters_annex4_stakeholders_engagement_en.pdf

- [IFC] Привремен совет за клиентите на IFC за безбедно ангажирање на засегнатите страни во контекст на КОВИД-19

https://www.ifc.org/wps/wcm/connect/30258731-0e7d-4cb2-863c-a6fb4c6d0d95/Tip+Sheet_Interim+Advice_StakeholderEngagement_COVID19_May2020.pdf?MOD=AJPERES&CVID=n9s.b9a